Врз основа на член 83 став 4 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ“ бр. 17/2011 и 163/2013), Правилникот за степенот на уредување на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на уредување на висината за трошоците за уредување во зависност од степенот на уреденоста („Службен весник на РМ“ бр. 93/11 и 115/2014), член 22 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), член 22 точка 26 и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 16.02. 2015 година, донесе

# О Д Л У К А

## за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за добивање на одобрение за градење за изградба на железничка пруга Битола-Кременица од км 130+032 до км 146+024 со придружни објекти: железничка станица и објект за ССТТ во Жабени и стојалиште во Кравари без изместување на постојните инсталации без позајмишта и без депонии

### Член 1

Со оваа Одлука се ослободува од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште ЈП „Македонски Железници“ – инфраструктура Скопје, за добивање на одобрение за градење за изградба на железничка пруга Битола-Кременица од км 130+032 до км 146+024 со придружни објекти: железничка станица и објект за ССТТ во Жабени и стојалиште во Кравари без изместување на постојните инсталации без позајмишта и без депонии.

### Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 09-189/6
16.02.2015 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
д-р Силвана Ангелевска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА